ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Основниот суд во Штип како првостепен претставен од судијата Јулијана Недкова како судија поединец со записничар Адријана Ангелова, решавајќи по обвинителниот акт на Основното Јавно Обвинителство во Ш. Ко.бр.204/19 од 16.10.2020 година против обвинетиот Тони Јорданов од Ш. за продолжено кривично дело „Лихварство“ од чл.260 ст.2 в.в. со чл.45 од КЗ по одржаната главна, јавна и усмена расправа на ден 29.11.2021 година во присуство на застапникот на обвинението Билјана Тошева Анакиева - Јавен обвинител во ОЈО Ш., обвинетиот Тони Јорданов од Ш. неговиот бранител адвокат Драган Торов од АД Наков и Бошков од Ш. ја изрече и јавно објави следната:

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ ТОНИ ЈОРДАНОВ од татко ... и мајка ..., роден на ... година, во Ш., каде и живее на ул..., по националност Македонец, државјанин на РСМ, писмен со завршено средно образование, вработен во ..., со месечни примања до ..., оженет, сопругата вработена во .... со месечени примања од ...., татко на две полнолетни деца, средноимотен, досега не осудуван, друга постапка не се води, се брани од слобода.

ВИНОВЕН Е
ЗАТОА ШТО:

Во периодот од месец Октомври 2014 година до Месец Август 2017 година неовластено се занивал со давање пари на заем со склучување на договори со оштетениот Баже Јорданов од Ш. и при тоа за себе договарал несразмерна имотна корист на начин што најпрвин на Месец Октомври 2014 година склучил договор за заем на парични сретства во износ од 22.000 долари при тоа усно договарајки се за услугата што му ја прави оштетениот да му исплаќа незаконска месечна камата од 6% или износ од 1.320 долари месечно, а заемот да биде вратен најдоцна за 1 година односно до 01.12.2015 година, по што по конечната исплата заклучно со месец Декмеври 2015 година обвинетиот се стекнал со несразмерна имотна корист од 13.744 долари по основ на дадениот заем по што на 19.01.2016 година повторно договорил давање на пари на заем на оштетениот и тоа во износ од 15.000 долари со рок за враќање 1 година односно до месец Јануари 2017 година со кој оштетениот усмено се договорил за услугата односно дадениот заем да му исплаќа незаконска месечна камата од 6% или 900 долари месечно, па откако му ги дал парите -предмет на заем по овој договор веднаш му задржал 1500 долари како преостанаата камата од претходниот договор, а со оглед дека оштетениот во период до месец Август 2016 година успеал да врати само износ од 3.500 долари и заостанувал со наплата на главницата и камата по второ склучениот договор обвинетиот на 23.08.2017 година го принудил

оштетениот да склучи писмен договор за признавање на долг на износ од 29.300 долари од кои 15.000 долари биле за враќање на главница од заемот од 15.000 долари од 19.01.2016 година, а останатите 14.300 долари биле за пресметаната камата од 6% месечно за периодот од земање на заемот до денот на склучување на договор за признавање на долг.

Со што обвинетиот Тони Јорданов од Ш.сторил продолжено кривично дело „Лихварство“ од чл.260 ст.2 в.в. со чл.45 од КЗ па со примена на оваа одредба како и чл4,32,33,38,38а,39 и чл.102 чл.105 и чл.404 од ЗКП, судот го

ОСУДУВА

на ПАРИЧНА КАЗНА од 300 (триста) дневни глоби во износ од 3000 (три илјади) евра во денарска противвредност од 184.500,00 денари (сто осумдесет и четири илјади и петсто денари).

Вредноста на една дневна глоба судот ја одредува на 10 (десет) евра во денарска противвредност од 615,00 денари (шестотини и петнаесет денари), сметано по 61,5 денари за едно евро.

СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Тони Јорданов од Ш. паричната казна да ја плати во полза на Буџетските средства на РСМ на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 174 06852, приходна шифра и програма 724153 00, во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.

Ако обвинетиот Тони Јорданов од Ш. не ја плати паричната казна во определениот рок или истата не може присилно да се изврши, судот ќе ја изврши така што за секоја дневна глоба ќе му определи по еден ден затвор.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Тони Јорданов од Ш. да плати на име кривични трошоци во постапката износ од 11.111,00 денари за изготвено економско-финансиско вештачење од вешто лице Глигор Ивановски од Ш. во корист на Буџетот на РСМ на трезорска сметка, Народна банка на Р.М на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 174 06852, приходна шифра и програма 724153 00, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Согласно чл. 102 од ЗКП – СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Тони Јорданов од Ш. на име паушал да плати износ од 4.000,00 денари во корист на Основен суд Штип на сметка 290100096563117 приходна шифра и програма 724132 20 во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Согласно чл.97 и чл.97-а од КЗ од обвинетиот Тони Јорданов од Ш. СЕ КОНФИСКУВААТ парични средства во износ од 17.244 долари(USD) во денарска пртоввредност од 938.418,48 денари сметано по 54,42 за еден

американски долар по среден курс на Народна банка на РСМ во корист на Буџетот на Република С.М. во рок од 30 дена од правосилноста на пресудата.

Образложение

Основното Јавно Обвинителство во Ш., до овој суд поднесе обвинителен предлог Ко.бр.204/19 од 16.10.2020 година против обвинетиот Тони Јорданов од Ш. за продолжено кривично дело „Лихварство" од чл.260 ст.2 в.в. со чл.45 од КЗ .

На главната расправа застапникот на обвинението во изнесување на содржината на обвинението наведе дека од доказите писмени и врабални предложени во листата на докази ќе се докаже дека обвинетиот го сторил предметното кривично дело, а во завршен збор наведе дека од изведените докази на главната расправа, материјални и вербални се докажа дека обвинетиот го сторил кривичното дело„Лихварство" од чл.260 ст.2 в.в. со чл.45 од КЗ кое нешто се утврди од писмените докази а особено писмениот наод и мислење од вештото лице Глигор Ивановски ,исказот на оштетениот Баже Јорданов, како и исказот на сведокот Л.З.. Од овие причини предложи обвинетиот да биде огласен за виновен за кривичното дело и судот по анализа на сите олеснителни и отежнителни околности на негова страна да му одмери и изрече кривична санција во рамки на пропишаните гранци за ова кривично дело, а при тоа судот да има во предвид дека се работи за дејствија на давање на пари на заем со енормно високи камати кои како појава се особено зголемени во изминатиот период, а за кои оштетените лица кои се претежно луѓе кои што се доведени во ваква систуација да немаат избор водени од егзистенцијални причини се согласуваат на сопствена штета со давањето на овие високи камати и ваквата појава не смее да остане не санкционирана од страна на државните орагани во случаии кога е тоа докажано како што е и во овој. Воедно предложи обвинетиот да биде задолжен со трошоци за изготвеното економско финасиско вештачење во износ од 11.111,00 денари во корист на Буџетот на РСМ, а за кој износ е доставено и решение за исплата на трошоци по ЗКП.

На главната расправа оштетениот Баже Јорданов од Ш., изјави дека не предјавува оштетно побарување , а по однос на вината остави на судот да одлучи.

На главната расправа обвинетиот Тони Јорданов во целост го негираше кривичното дело што му се става на товар со обвинението .Не се чустуваше за виновен и предложи да биде ослободен од обвинението.

На главната расправа бранителот на обвинетиот Тони Јорданов адвокат Драган Торов од АК Наков и Бошков наведе дека од предложените и изведени докази со ниту еден доказ не се докажа дека во дејствијата на обвинетиот се содржани елементите на кривичното дело за кое се обвинува, при тоа наведе дека земањето пари од страна на Б.З. од обвинетиот не претставува земања пари поради тоа што тој бил во тешка материјална состојба или во тешка стамебена прилика или во нужна, туку станува збор за земање на пари на заем заради вложување во бизнис,

дека секој бизнис самиот по себе претставува ризик и дека при вложување во камион што претставува голема инвестиција со намера и со цел да се мултиплицира имотот, а не само обезбедување на сретства за гола егзистенција, наведе дека обвинетиот кога ги земал парите на заем и кога располагал со нив, не постоело кривичното дело, но кога дошол денот за враќање на тој долг, наводно оштетениот поднел кривична пријава против обвинетиот. Од овие причини предложи обвинетиот да биде ослободен од обвинение за предметното кривично дело и судот да донесе ослободителна пресуда.

Во доказната постапка судот ги изведе предложените докази и тоа го распраша во својство на сведок оштетениот Баже Јорданов, го распраша сведокот Л.З., изврши увид во писмените докази и тоа: Известување бр.... на МВР СВР Ш.; увид во документација на државен орган, институција што врши јавно овластување и друго правно лице бр... година на МВР СВР Ш.; Наредба за графолошко вештачење КО.... на ОЈО Ш.;Извештај од вештачење СД 50/20 на МВР БЈБ ОКТИВ Скопје ;Потврда за привремено одземени предмети бр....; Потврда за привремено одземени предмети бр....; оригинални каса прими на број 15 –петнаесет, спакувани во бел плик, а поединечно наведени во Записник за увид во документација бр.... на МВР СВР Ш.; материјал-документација со неспорни потписи на обвинетиот заради графолошка анализа, наведен во потврда за привремено одземени предмети бр.... година, Наредба за економско финансиско вештачење КО.бр.... на ОЈО Ш.;Наод и мислење на вешто лице Глигор Ивановски од 07.07.2020 година;Во предмет П4-... и П4 -... на Основен суд Штип и листа од казнена евиденција за обвинетиот Тони Јорданов , па ценејќи го секој доказ посебно и сите заедно, ја утврди следната фактичка состојба:

Обвинетиот Тони Јорданов од татко ... и мајка ..., роден на ... година, во Ш., каде и живее на ул..., по националност Македонец, државјанин на РСМ, писмен со завршено средно образование, вработен во ..., со месечни примања до 22.000,00 денари, оженет, сопругата вработена во Македонија пат, со месечени примања од 18.000,00 денари, татко на две полнолетни деца, средноимотен, досега не осудуван, друга постапка не се води, се брани од слобода.

Оштетениот Баже Јорданов и обвинетиот се познавале од поодамна, и во 2014 година откако оштетениот дознал дека од Тони може да му позајми пари и да ги врати со камата, при крајот на 2014 година се обратил на обвинетиот со барање да му позајми пари кој му биле потрбни да си купи сопствен камион, при овој контакт бил постигнат договор врз основа на кој обвинетиот на оштетениот му позајмил и му дал 22.000,00 УСД, а оштетениот имал обврска примениот заем да го врати со 6% месечна камата која изнесувала 1.320,00 долари месечно за период од една година односно до крајот од 2015 година.Оштетениот овој договорен износ со договорената месечна камата го вратил во целост .Оштетениот плаќањето го вршел така што парите ги давал на рака на обвинетиот за секоја рата месечно а притоа на каса прими се потпишувале и обвинетиот

и оштетениот.

Со оглед дека оштетениот имал потреба од друг паричен износ во 2016 година повторно се обратил на обвинетиот со барање да му позајми 15.000,00 УСД и на ист начин под исти услови како и претходниот договор било договорено износот од 15.000,00 УСД да ги врати во рок од една година со 6% камата или износ од 900 долари месечно на име камата а при тоа обвинетиот од износот 15.000,00 УСД на оштетениот му задржал веднаш 1.500 долари заради наводно заостаната камата од претходниот договор. По овој втор договор оштетениот на обвинетиот му има вратено 3.500,00 УСД и тоа се однесува на плаќање само на камата,со текот на времето оштетениот бил во неможност редовно да го враќа заемот и за оваа состојба тој го известил и обвинетиот. Со оглед да оштетениот не бил во можност да го враќа земот до крајот на 2016 година, па под влијание и притисок на обвинетиот по секој цена да му бидат вратени парите тие склучиле писмен договор за признавање на долг. Со овој договор било утврдено дека оштетениот како должник на доверителот - обвинетиот му должи износ од 29.300,00 УСД кои оштетениот се обврзал да му ги врати најдоцна до 01.03.2021 година на 42 еднакви месечни рати од по 698,00 УСД сметано од 01.09.2017 година најдоцна до 15-ти во месецот за тековниот месец, а во случај на задоцнување должникот бил должен да плаќа зкк. Овој договор бил солемнизиран кај Нотар Лидија С. Трајчева под ОДУ 206/2017 година истиот ден 23.08.2017 година кога бил склучен овој договор. Овој договор бил склучен и потпишан во просториите на Адвокатското друштво Наков и Бошков во Ш. и при договарањето и потпишувањето на овој договор присуствувале само Баже Јорданов и обвинетиот Тони Јорданов .

Вкупната сума 29.300,00 УСД на кои е склучен договорот за признавање на долг е сума од која 15.000,00 УСД се позајмица односно главен долг а останатите 14.300,00 долари биле за пресметана камата од 6% месечно, за периодот од земање на заемот до денот на склучување на договор за признавање на долг.

Пред потпишувањето на договорот за враќање на долг од 23.08.2016 година оштетениот и неговата сопруга Л. подолг временски период биле изложени на притисок и закани од обвинетиот со цел да се склучи овој писмен договор врз основа на кој обвинетиот ќе обезбеди писмен документ врз основа на кој ќе може да покрене присилно наплата заради враќање на заем во висина од 15.000,00 УСД и месечна камата од 6% кој на денот на склучување на предметниот договор долгот по основ заем со камата изнесувал 29.300,00 УСД.

Во овој суд е водена граѓанска постапка по поднесена тужба од сега обвинетиот како тужител Тони Јорданов против Л.З. како тужена за побивање на договор, заведен под П4-.... Постапувајќи по оваа тужба судот на одржаната главна расправа од 14.07.2021 година донесе решение со кое е одлучено предметот да се смета за завршен од причина што согласно чл.74 ст.4 од измени и дополнување на судскиот деловник, по донесувањето на решението поминато е повеќе од 1(една) година, а

поднесок за продолжување на постапката од страна на тужителот односно тужениот не е поднесен.

Во овој суд е водена и граѓанска постапка П4-18/20(стар број.п4-11/19 по поднесена тужба од тужителите Баже Јорданов и Златева Ленче и двајцата од Ш. против туженот Тони Јорданов од Ш., за утврдување на ништовност на договор, со вредност на спор од 40.000,00 денари.

Постапувајки по оваа тужба овој суд донесе пресуда П4-11/19 од 21.02.2020 година со која тужбеното барање на тужителот Баже Јорданов од Ш. е усвоено и утврдено е дека према туженот Тони Јорданов од Ш. договор за признавање на долг солимизиран кај Нотар Л.Т.С. под ОДУ.бр.... година е ништовен лихварски договор и дека истиот не произведува правно дејство за износ од 14.300 УСД, а тужбата на тужителот Л.З. против туженот Тони Јорданов е отфрлена. По поднесена жалба од туженот Тони Јорданов од страна на Апелациониот суд во Штип е донесено решение ГЖ-... година со која жалбата на туженот Тони Јорданов е уважена, а пресудата на овој суд П4-... е укината и предметот вратен на првостепениот суд на повторно одлучување. Постапувајки по овој предмет овој суд донесе решение П4-... година со кое постапката по тужбата на тужителите Баже Јорданов и Л.З. против туженот Тони Јорданов за утврдување ништовност на договор за признавање на долг солимизиран кај Нотар Л.Т.С. под ОДУ.бр.... година се прекинува, а прекинот на постапката да трае до правосилно завршување на кривичната постапка против обвинетиот Тони Јорданов по обвинителен предлог Ко.бр.204/19 за сторено кривично дело “Лихварство“ од чл.260 ст.2 в.в. со чл.45 од КЗ.

Горната фактичка состојба судот ја утврди врз основа на изведените докази на главната расправа и тоа како од вербален, така и од материјален карактер.

Имено, дека обвинетиот Тони Јорданов е сторител на кривично дело „“Лихварство“ од чл.260 ст.2 в.в. со чл.45 од КЗ кое му се става на товар со обвинението, судот со сигурност утврди од изведените вербални и марерјални докази а особено од исказот на оштетениот Баже Јорданов, а кон кој исказ во прилог одат и писмените докази изведени на главната расправа.

Имено од исказот на оштетениот Баже Јорданов од Ш. се утврди дека во 2014 година откако имал потреба од поголема сума на парични средства а дознал дека обвинетиот Тони може да му позајми пари и да ги врати со камата, при крајот на 2014 година се обратил на обвинетиот со барање да му позајми пари кој му биле потрбни да си купи сопствен камион, при што помеѓу нив бил постигнат договор врз основа на кој обвинетиот на оштетениот му позајмил и му дал 22.000,00 УСД, а оштетениот имал обврска примениот заем да го врати со 6% месечна камата која изнесувала 1.320,00 долари месечно за период од една година односно до крајот од 2015 година.Оштетениот овој договорен износ со договорената месечна камата го вратил во целост а плаќањето го вршел така што парите ги давал на рака на обвинетиот за секоја рата

месечно,а притоа на каса прими и каса исплати се потпишувале и обвинетиот и оштетениот. Од неговиот исказ се утврди дека со оглед дека имал повторно потреба од друг паричен износ во 2016 година повторно се обратил на обвинетиот со барање да му позајми 15.000,00 УСД и на ист начин под исти услови како и претходниот договор и било договорено износот од 15.000,00 УСД да ги врати во рок од една година со 6% камата или износ од 900 долари месечно на име камата а при тоа обвинетиот од износот 15.000,00 УСД на оштетениот му задржал веднаш 1.500 долари заради наводно заостаната камата од претходниот договор. По овој втор договор оштетениот на обвинетиот му има вратено 3.500,00 УСД и тоа се однесува на плаќање само на камата,со текот на времето оштетениот бил во неможност редовно да го враќа заемот и за оваа состојба тој го известил и обвинетиот. Со оглед да оштетениот не бил во можност да го врати земот до крајот на 2016 година, под притисок на обвинетиот по секој цена да му бидат вратени парите тие склучиле писмен договор за признавање на долг.Со овој договор било утврдено дека оштетениот како должник на доверителот - обвинетиот му должи износ од 29.300,00 УСД кои оштетениот се обврзал да му ги врати најдоцна до 01.03.2021 година на 42 еднакви месечни рати од по 698,00 УСД сметано од 01.09.2017 година најдоцна до 15-ти во месецот за тековниот месец, а во случај на задоцнување должникот бил должен да плаќа зкк. Овој договор бил солемнизиран кај Нотар Лидија С. Трајчева под ОДУ 206/2017 година истиот ден 23.08.2017 година кога бил склучен овој договор. Овој договор бил склучен и потпишан во просториите на Адвокатското друштво Наков и Бошков во Ш..

Предмет на оценка на судот беше и исказот на сведокот Л.З. сопруга на оштетениот Баже Јорданов, која на идентичен начин го опиша кривично правниот настан како и оштетениот.

На исказите на оштетениот и сведокот судот во целост поклони верба од причина што кривично правниот настан го опишаа идентично, хронолошки, јасно и недвосмислено, а нивните искази наоѓаат покрепа и во останатите изведени писмени докази

Од графолошкото вештачење-извештај од вештачење СД-50/20 од МВР ОКТИВ Скопје се утврди дека спорниот потпис напишан во рубриката "касиер", на сите каса прими е идентичен со доставените примероци од неспорниот потпис на обвинетиот Тони Јорданов.

Кривичното дело "Лихварство" од чл.260 ст.2 од КЗ го врши тој што неовластено се занимава со давање на пари или други потрошни предмети на заем со договор и при тоа договара несразмерна имотна корист. Тука се работи за инкриминација на "приватно банкарство " конструирано како колективно казнено дело, занимавањето претпоставува повеќекратно вршење дејствија што се состојат во давање пари или други потрошни предмети на заем со договор за имотна корист. Се бара секогаш да е договорена имотна корист, делото не постои ако некој се занимава со тоа без да договара имотна корист( од милосрдие и сл.) Имотната крост треба да биде несразмерна. Инкриминарано е само

занимавањето што се оценува според околностите на случајот, потребно е на крајот сторителот неовластено да се занимава со ваква дејност.

Во конкретниот случај од изведените докази вербални и матерјални а особено од извршеното вештачење од вешто лице Глигор Ивановски од Ш. од 26.02.2020 година се утврди дека првиот усмен договор склучен помеѓу оштетениот и обвинетиот во месец Октомври 2014 година со кој обвинетиот како заемодавач и оштетениот како заемопримач усмено договориле заем во износ од 22.000 УСД со месечена казмата од 6% или 1.320 УСД месечно со рок на оплата од 1(една) година, со 15 каса-прими обвинетиот како заемодавач потврдил прием на парични сретства од оштетениот како заемопримач и неговата сопруга Л.З. по првиот усмен договор, кој заемопримачот заедно со неговата сопруга го вратиле примениот заем со 15 каса-прими, а оштетениот на име камата на обвинетиот му платил вкупен износ од 13.744 УСД и тоа на име главен долг 22.000 УСД и 13.744 УСД на име камата или вкупно 35.744 УСД.

Дека обвинетиот по овој договор се стекнал  со несразмерна имотна корист се утврди од ова вештачење каде вештото лице наведува дека обвинетиот по основ на овој договор се стекнал со несразмерна имотна корист која се состои во разликата помеѓу платената договорна камата во износ од 13.744 УСД и ЗКК што заемопримачите биле должни да ја платат во износ од 1.316,33 УСД. Во вештачењето вештото лице наведува дека во месец Јануари 2016 година обвинетиот Тони Јорданов како заемодавач и оштетениот Баже Јорданов како заемопримач усмено договориле заем од 15.000 УСД со месечна камата стапка од 6% или 900 УСД месечно, со рок на отплата од 1(една) година ,од месец Јанари 2016 година до месец Јануари 2017 година ,со пет каса-прими обвинетиот како заемодавач потврдил прием на парични сретства од оштетениот Баже Јорданов и неговата сопруга Л.З., така да оштетениот и неговата сопруга на име на камата на обвинетиот му платиле вкупен износ од 3.500 УСД, а на име главен долг обвинетиот наплатил износ од 1.009,74 УСД и од главниот долг останал да побарува уште износ од 13.990,29 УСД,. Дека обвинетиот и по овој договор се стекнал  со несразмерна имотна корист се утврди од ова вештачење каде вештото лице наведува дека несразмерна имотна корист со која се стекнал обвинетиот Тони Јорданов се состои во разликата помеѓу платената договорна камата во износ од 3.500 УСД и ЗКК .

Дека обвинетиот неовластено се занивал со давање пари на заем со склучување на договори со оштетениот Баже Јорданов од Ш. и при тоа за себе договарал несразмерна имотна корист произлегува од самиот факт што обвинетиот со оштетениот во повеќе наврати со оштетениот склучил повеќе договори и тоа во октомври 2014 година,на 19.01.2016 година и на 23.08.2017 година со кој за себе договарал несразмерна имотна корист.

Одбраната на обвинетиот дадена преку неговиот бранител дека обвинетиот не го сторил кривичното дело и дека оштетениот Баже Јорданов ја поднел кривична пријава за предметното кривично дело до

МВР СВР Ш. откако обвинетиот Тони Јорданов до овој суд поднел тужба против сега оштетениот за побивање на должникови правни дејствија укажува дека кога Баже Јорданов ги земал парите на зем од обвинетиот кога ги располагал и користел не постоело кривичното дело, но кога дошол денот за враќање на тој дол, тој поднесува кривична пријава против обвинетиот за наведеното кривично дело, е неоснована од причина што право на оштетениот е кога ќе поднесе кривична пријава за конкретно кривично дело против обвинетиот, но се разбира доколу е тоа во законски пропишаниот рок, како што е во конкретниот случај а кое нешто е видно од датумот на поднесената кривична пријава на ден 26.03.2019 година. Одбраната на обвинетиот дека во конкретниот случај настапила застареност на кривичното гонење е неоснована, од причина што за ова кривично дело е пропишана парична казна или затвор до 3(три) години, а согласно чл.107 ст.1 т.5 од КЗ "кривично гонење не може да се преземе кога ќе поминат 3(три) години од извршувањето на кривичното дело за кое според законот може да се изрече казна затвор над 1(една ) година како што е во конретниот случај. Од тука имајки го во вид фактот дека обвинетиот последното дејствие на извршување на кривичното дело го превземал на ден 23.08.2017 година кога со оштетениот склучиле писмен договор за признавање на долг, а кривичната пријава од оштетениот е поднесена до ОЈО Ш. на ден 26.03.2019- што значи дека е поднесена во законски пропишаниот рок и законски основ за настапување на застареност на кривичното гонење не е исполнет а по приемот на кривичната пријава јавниот обвинител превземал дејствија со кој се прекинува течењето на рокот за застареност.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, судот утврди дека во дејствијата на обвинетиот Тони Јорданов од Ш. се содржани сите битни елементи на продолжено кривично дело „Лихварство“ од чл.260 ст.2 в.в. со чл.45 од КЗ, поради што судот обвинетиот го огласи за виновен за ова кривично дело и му изрече парична казна затвор како во изреката на пресудата.

Од олеснувачките околности судот ги ценеше за обвинетиот фактот дека се работи за досега неосудувано лице-за прв пат се јавува како сторител на кривично дело ,друга постапка против него не се води,се работи за семеен човек ,татко на две полнолетни деца, обвинетиот е вработно лице и остварува приходи а од отежнувачките околности за обвинетиот судот ја ценеше тежината на стореното кривично дело , општествената опасност од извршеното кривично дело, кривичната одговорност на обвинетиот, штетните последици кој настанале по имотот на оштетениот.

Давајќи оценка на олеснувачките и на отежнувачките околности судот смета дека во конкретниот случај со изречената парична казна од 300 (триста) дневни глоби во износ од 3000 (три илјади) евра во денарска противвредност од 184.500,00 денари (сто осумдесет и четири илјади и петсто денари), спрема обвинетиот ќе се остварат целите на казнување

како на полето на генералната така и на полето на специјалната превенција.Вредноста на една дневна глоба судот ја одредува на 10 (десет) евра во денарска противвредност од 615,00 денари (шестотини и петнаесет денари), сметано по 61,5 денари за едно евро.

Се задолжува обвинетиот Тони Јорданов од Ш. паричната казна да ја плати во полза на Буџетските средства на РСМ на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 174 06852, приходна шифра и програма 724153 00, во рок од 30 дена по правосилноста на пресудата.

Ако обвинетиот Тони Јорданов од Ш. не ја плати паричната казна во определениот рок или истата не може присилно да се изврши, судот ќе ја изврши така што за секоја дневна глоба ќе му определи по еден ден затвор.

Согласно чл.97 и чл.97-а од КЗ од обвинетиот Тони Јорданов од Ш. СЕ КОНФИСКУВААТ парични средства во износ од 17.244 долари(USD) во денарска пртовввредност од 938.418,48 денари сметано по 54,42 за еден американски долар по среден курс на Народна банка на РСМ во корист на Буџетот на Република С.М. во рок од 30 дена од правосилноста на пресудата. Судот ги одзеде паричните средства од обвинетиот, бидејки никој не може да ја задржи непосредната и посредната имотна корист прибавена со кривично дело, затоа што овие парични средства обвинетиот ги стекнал на незаконски начин и прибавил со вршење на кривично дело и овој износ на парични средства претставува несразмерната имотна корист со која се стекнал обвинетиот и тоа по првиот договор се стекнал со несразмерна имотна корист од 13.744 долари а по вториот договор обвинетиот се стекнал со несразмерна имотна корист со 3.500 долари,обвинетиот во конкретниот случај се ставил во улога на приватен банкар и со склучените договори договарал и прибавил за себе несразмерна имотна корист.

Согласно чл.102 и 105 од ЗКП, СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Тони Јорданов од Ш. да плати на име кривични трошоци во постапката износ од 11.111,00 денари за за изготвено економско-финансиско вештачење од вешто лице Глигор Ивановски од Ш. во корист на Буџетот на Р.М на трезорска сметка, Народна банка на Р.М на сметка 100000000063095, уплатна сметка 840 174 06852, приходна шифра и програма 724153 00, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Согласно чл. 102 од ЗКП – СЕ ЗАДОЛЖУВА обвинетиот Тони Јорданов од Ш. на име паушал да плати износ од 4.000,00 денари во корист на Основен суд Штип на сметка 290100096563117 приходна шифра и програма 724132 20 во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата,притоа судот ја имаше во предвид сложеноста,времетраењето на постапката како и приходите кој што обвинетиот ги остварува.

ОСНОВЕН СУД ШТИП, К.бр.624/20од 29.11.2021 година.

Записничар, Судија
Адријана Ангелова, с.р. Јулијана Недкова, с.р.

ПОУКА: Против оваа пресуда незадоволната странка има право на жалба во рок од 8(осум) дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд во Штип.